Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-1991/3
30.12.2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 114, а во врска со член 37 став 6 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 82/2018), член 65 од Статутот на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 55 од Статутот на Природно-математичкиот факултет во состав на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 464/2019), Деканот на Факултетот на ден 9.12.2020 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за распишување на избори за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Природно-математичкиот факултет во Скопје (пречистен текст)

Член 1

Се распишуваат избори за претседател и 36 (триесетишест) членови на факултетското студентско собрание на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Член 2

Изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание ќе се одржат со тајно гласање online на ден 11.1.2021 година (понеделник), преку платформа за електронско гласање која што ја гарантира тајноста на гласањето во период од 09-19 часот.

Член 3

Се именува изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Природно-математичкиот факултет во Скопје во следниот состав:

1. доц. д-р Марија Љаковска, претседател
2. доц. д-р Славица Јосифовска, член
3. Станислав Тошев –студент на прв циклус на студии на студиска програма по нутриционизам, член
4. Андријана Ѓореска- студент на прв циклус на студии на студиска програма по наставна физика, член
5. Наталија Дамчевска студент на прв циклус на студии на студиска програма по применета хемија, аналитичка биохемија, член

Комисијата од став 1 на овој член избира избирачки одбори/поткомисии составени од двајца студенти и еден наставник, односно соработник за спроведување на изборите.

Член 4

Изборната комисија од член 3 на оваа одлука:

- ја спроведува изборната постапка/и;
- донесува одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за членови во факултетското студентско собрание. Во одлуката се наведува личното име на кандидатот, дали е запишан во семестарот, односно во годината кога се вршат изборите, студиската година, студиската програма и сл. Одлуката од комисијата е конечна;

- ги утврдува резултатите од гласањето;
- составува записник за резултатите од гласањето на факултетот и за крајниот резултат;
- врши други работи со цел спроведување на изборите.

Изборната комисија донесува Упатство со кое се утврдува нејзината работа, начинот на гласање преку електронските средства, утврдува образец на записник, начинот на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, известувања, записници и сл., чување и увид во изборната документација и за други прашања поврзани со постапката за организација на изборите, гласањето и утврдување на резултатите од гласањето.

Упатството се објавува на веб-страницата на Факултетот, најдоцна до 4 јануари 2021г. заедно со Одлуката со која се констатира дали предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите.

Член 5

Се задолжува изборната комисија од член 3 на оваа Одлука изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Природно-математичкиот факултет во Скопје да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Статутот на Природно-математичкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Статутот на Факултетското студентско собрание на Природно-математичкиот факултет во Скопје .

Член 6

Право да се кандидираат и да бидат избрани за членови на факултетското студентско собрание имаат сите студенти на факултетот, кои се запишани на студии во зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година.

Кандидатите за членови во факултетското собрание се утврдуваат на собири на студентите по Институти, со тоа што од секоја студиска година се предлага по еден кандидат од прв циклус и по еден кандидат од втор и трет циклус и тоа:

- по 1 претставник од прва година на прв циклус на студии од секој Институт, вкупно 6;
- по 1 претставник од втора година на прв циклус на студии од секој Институт, вкупно 6;
- по 1 претставник од трета година на прв циклус на студии од секој Институт, вкупно 6;
- по 1 претставник од четврта година на прв циклус на студии од секој Институт, вкупно 6;
- по 1 претставник од втор циклус на студии од секој Институт, вкупно 6;
- по 1 претставник од трет циклус на студии од секој Институт, вкупно 6;

Собирите на студенти по Институти ќе се спроведат on-line во термини коишто ќе ги определи изборната комисија од член 3 на оваа Одлука, на 4 јануари 2021 година.

За утврден кандидат/кандидати за член/членови во Факултетското студентско собрание од соодветната студиска година се смета кандидатот/кандидатите кој добил најголем број гласови.

Изборите од овој член ги организира Факултетското собрание.

Кандидатите за членови на факултетското студентско собрание, како и

кандидатите за претседател доставуваат во Архивата на Факултетот или преку електронска пошта на официјалниот е-маил на Факултетот pmf@pmf.ukim.mk пријава за кандидат за член односно за претседател на Факултетското студентско собрание. Во пријавата задолжително се наведува бројот на индекс и студиската програма на која е запишан студентот.

лен 7

Врз основа на спроведените собири на студенти по години, Изборната комисија ја донесува одлуката од член 4, став 1, алинеја 2 на оваа одлука најдоцна до 4 јануари 2021 година.

Член 8

За Претседател на факултетското студентско собрание може да се кандидира редовен студент на Факултетот кој запишал зимски семестар во учебната 2020/2021 година и ги положил сите испити заклучно со трет семестар.

Кандидирањето на претседател е лично, преку поднесување на кандидатура на која поддршка даваат најмалку 30 редовни студенти Факултетот кои имаат право да гласаат.

Кандидатурата заедно со потписите за поддршка од студентите се поднесува најдоцна до 30 декемеври 2020 година до Изборната комисија преку Архивата на факултетот или преку електронска пошта на официјалниот е-маил на Факултетот pmf@pmf.ukim.mk

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на веб страната на факултетот, на огласните табли на Факултетот и се доставува електронски до студентите на Факултетот.

в.д.Декан,
Проф.д-р Валентин Мирчески

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Република Северна Македонија, Природно-математички факултет Скопје